Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 565 | www.mchamber.mk | 19.04.2024



## ЦЕНТАРОТ ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА ВО ФУНКЦИЈА

РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА ПОДОБРА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА ЗА СТРУКТУРИРАНИ И ИНОВАТИВНИ ПРОЦЕСИ ОД ДОМЕНОТ НА ПРОДАЖБАТА

ОД ПРАКТИКАНТ ВО КОМПАНИЈАТА ДО МЕНТОР

**15.04.2024, Брокерски настан**
**Меѓународни деловни средби “GreenTech Days meet Future of Building 2024” од областа на животната средина, енергијата, енергетската ефикасност градежништвото и инфраструктурата, од 17-19 април 2024 година, (хибриден настан), Виена, Австрија**

**16.04.2024, Тренинг обука**
**Тридневна обука на тема: Вештини за теренски унапредувачи на продажбата**

**17.04.2024, Online Бизнис средби**
**Покана за учество на меѓународни Б2Б средби што ќе се одржат на 25. Меѓународен економски саем Мостар 2024 година, на 17 и 18 април 2024 година во хибриден формат (на лице место и онлајн) - ЕЕН мрежа**

**17.04.2024, Семинар**
**МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?**

**17.04.2024, Семинар**
**ВЛИЈАНИЕ НА ХЕМИСКИ ШТЕТНОСТИ ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА НА РАБОТНО МЕСТО**

**17.04.2024, Конференција**
**„InterConnect“ B2B SME Matchmaking Conference 2024**

**18.04.2024, Семинар**
**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА – ПРИПРЕМАЊЕ, ОБРАБОТКА И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ЗА ПОДДРШКА ПРИ НОСЕЊЕ ИНФОРМИРАНИ ОДЛУКИ НА ДРУШТВОТО**

**18.04.2024, Online Бизнис средби**
**Меѓународни деловни средби “Meet4Business MEGRA 2024” во областа на градежништво, архитектура и енергија, од 18-19 април 2024 г., Горна Радгона, Р. Словенија, хибриден настан**

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

IGM trade, Алкалоид Скопје, МЕПСО, T, Пекабеско, Кожувчанка, Mermeren Kombinat, vitaminka

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители

Макпрогрес, OKTA, Zan Mitrev Clinic, Croatia osiguranje, scalefocus, Comfy Angel, Qinshift, Halkbank, Стопанска банка АД - Скопје, Duna, Comodita Home, Swisslion, AllianceOne, Socotab






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Претседателскиот кандидат Бујар Османи ја презентираше економската програма во Стопанската комора



Претседателскиот кандидат од ДУИ и Европскиот фронт, Бујар Османи, на негова иницијатива, денеска имаше средба со претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и извршниот директор, Антони Пешев.

Целта на средбата беше Османи да ја презентира економската програма како претседателски кандидат, но и да се дискутира за стратешките напори кои се неопходни за подобрување на економската средина во државата.

Во текот на состанокот, од страна на Комората, беше изразен став дека економските политики треба да бидат ставени во прв план, надминувајќи ги партиските приоритети.

Исто така, беше потенцирана важноста од иницијативите за партнерства и засилување на деловниот сектор на национално и регионално ниво. Во таа насока беа реконфирмирани платформите за Коморскиот инвестициски форум и Отворен Балкан, како механизми за подобрување на конкурентноста на пазарот преку соработка и заеднички проекти. Истите иницијатива беа потврдени и на регионалната конференција во Нови Сад, која беше организирана на почетокот на неделата.

Претседателскиот кандидат Османи, меѓу другото, пред медиумите изјави дека покрај државен консензус за ЕУ, потребен е и економски државен консензус по однос на основните параметри. Најави дека доколку биде избран за претседател на државата, ќе предложи создавање национален совет за економски раст, во кој би членувале претставници на политички партии и економски чинители, а кој би функционирал како еден вид на државен Управен борд со цел постигнување на државен консензус по однос на клучните параметри и регулативи за еден забрзан и одржлив развој.

# Регионална соработка за подобра интеграција во ЕУ




Денеска, 18 април 2024 година, Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој го реализира во партнерство со УСАИД, е дел од регионалниот настан „ПИТ Северна Македонија 2024“.

Целта на овој настан беше преку презентации и дискусии организирани во рамките на неколку панели, со учество на компании членки на Стопанската комора на Северна Македонија и на коморите од Србија и од БиХ и преку споделување различни искуства, да се стави акцент врз користењето на потенцијалите за поголема регионална соработка. Беше потенцирана и важноста од здружување на производствените и на индустриските сектори од регионот, како основа за подигнување на обемот на производство и на понуда и за заеднички настап на трети пазари, пред сѐ, на пазарите во Европската Унија. Учесниците на Самитот реализираа и Б2Б-средби во насока на поттикнување нови партнерства и продлабочување на веќе постојната соработка во регионални рамки.

Дерик Фефер од УСАИД истакна дека надградувањето на регионалните економски врски ќе помогне во градењето поврзан и просперитетен Западен Балкан. УСАИД работи на зајакнувањето на конкурентноста преку поддршка на приватниот сектор за инвестирање во своите синџири на добавување, за модернизација и за адаптација на новите пазарни трендови, а ваквите регионални настани го овозможуваат токму тоа.

Биљана Пеева-Ѓуриќ, проектен менаџер на проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“ и оперативен директор во Стопанската комора на Северна Македонија, во своето обраќање посочи дека од почетокот на проектот до денес се работи на испорака на конкретна поддршка за голем број извозно ориентирани компании преку обезбедување техничка и стручна помош при воведувањето на меѓународните стандарди за квалитет, развивањето и имплементацијата на нови дигитални решенија и алатки, изработката на проектни апликации за пристап до финансии за реализација на инвестициски проекти и при изработката на маркетинг-стратегии за извоз, со цел



градење на капацитетите за пристап до нови пазари. Овие активности ќе продолжат и во наредниот период. Наедно, организиравме посети на неколку саемски манифестации, реализиравме деловни поврзувања за нашите компании со партнери од регионот и од ЕУ, а во тек е реализација и на нова дигитална алатка која ќе биде главен патоказ и информатор за нашите извозници.

„ПИТ Северна Македонија 2024“ е своевидно продолжение на циклусот регионални настани кој започна минатата година на PIT Adria Summit 2023, а кој се одржа во Белград. На Самиотот беше констатирано дека локалниот и регионалниот амбиент бараат позначајна поддршка и стимул, како и навремено и сеопфатно претставување на вкупниот предизвик во поширока смисла. Деловните модели „Lean, Green and Digital“ се услов за иднината. Имајќи го тоа на ум, а како продолжение на трендовите за иновативност и напредни технологии, во насока на подигнување на конкурентноста на компаниите од регионот на Западен Балкан, клучните теми на „ПИТ Северна македонија 2024“ се суштински предуслови за одржлива и за профитабилна конкурентност.

Самитот „ПИТ Северна македонија 2024“ продолжи со повеќе панел-дисксусии на кои акцентот беше ставен врз конкурентноста, иновативноста и врз новите технологии, во насока на подигнување на конкурентноста на компаниите, поголема регионална соработка, но и интензивирање на соработката на компаниите од Западен Балкан со ЕУ-пазарите, што е една од клучните цели на регионалната бизнис-интеграција.

Активноста е во организација на „Браварија индустриски маркетинг“, а во соработка со PIT Events и со партнерите МАМЕИ, Инфоверс, ЗАВАР, НЛ Комора на Северна Македонија, ТАРГЕР Е&К, АХК, Стопанска комора на Федерацијата БиХ, Стопанска комора на Србија и Светска банка.

Преку проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, УСАИД ја поддржува Стопанската комора на Северна Македонија во напорите да овозможи подобра интеграција на бизнисите во регионалните и во глобалните вредносни синџири и засилување на нивниот капацитет, за да бидат конкурентни во Западен Балкан и пошироко во ЕУ. Идејата е да се создадат алатки за јавно-приватен дијалог, промоција на придобивките од регионалната економска интеграција на деловната заедница, истражување и унапредување на можностите за извоз и за обезбедување одржливи услуги за извозните компании.



# ЦЕНТАРОТ ЗА ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА ВО ФУНКЦИЈА



Во рамките на активностите на Стопанската комора се одржа конститутивна седница на Центарот за циркуларна економија, како посебна форма на организирање и на работење во рамките на коморското дејствување.

На седницата беше избран Одбор за управување, составен од компании членки во различни здруженија при Комората, кои третираат различни сеткори, а целта ќе биде да ги обедини компаниите кои имаат интерес да го започнат или да го продолжат процесот на транзиција од концептот на линеарна во циркуларна економија. Дополнителна можност е преку оваа форма на дејствување да се иницира заеднички настап во креирањето на политиките и на концептите и во давањето насоки за развој, како и учество во создавањето и во примената на нова регулатива која би третирала (во поглед на оптимизирањето и на олеснувањето на процесот) концепт на циркуларна економија.

За претседател на Центарот за циркуларна економија е избрана генералниот директор на „Макстил“ АД Скопје, Марија Дуковска-Павловска.

Потребата од формирање центар за циркуларна економија во Комората е во согласност со следењето на обврските што произлегуваат од потпишувањето на Софиската декларација за зелена агенда за Западен Балкан на 10 ноември 2020 година од сите 6 земји од регионот, кои се обврзаа да ја имплементираат Зелената агенда како патна карта за повеќе конкретни акции и мерки што ќе доведат до развој со минимално испуштање јаглерод и до економски раст, во согласност со принципите на одржлив развој. Зелената агенда за Западен Балкан опфаќа пет



столба:

- декарбонизација: климатска акција, зелена енергија и одржлив транспорт;
- циркуларна економија;
- борба против загадувањето;
- одржливо производство на храна и одржливи рурални средини;
- биодиверзитет: заштита и реставрација на природата и на екосистемите.

Зелената агенда за Западен Балкан е инструмент за постигнување на Европскиот зелен договор во нашиот регион, кој претставува пресвртница во борбата против климатските промени и сеопфатна стратегија за раст на Унијата, а неговата имплементација треба да доведе до климатска неутралност на Европската Унија до 2050 година.

Во работниот дел на седницата, Јасмина Мајсторовска, раководител на Секторот за индустриска и за инвестициска политика и за општествена одговорност при Министерството за економија, ги информираше присутните за поддршката на процесите за циркуларна економија, обезбедена преку Годишната програма на Министерството, а преку Стручната служба на Комората беа претставени досегашните преземени активности на тема „Циркуларната економија во рамките на Комората“.

Од исклучително значење е и фактот дека овој центар за циркуларна економија ќе му биде партнер на УГД Штип во рамките на проектот кој го доби Универзитетот „Гоце Делчев“ на крајот на 2023 година од Министерството за економија во рамките на Годишната програма, преку која беа поддржани неколку научни институции за темата Циркуларна економија. Конкретно, станува збор за проектот насловен Циркуларна и зелена економија базирана на соработка наука–бизнис, со кој е предвидено креирање дигитална платформа базирана на два меѓусебно поврзани центри: 1) Бизнис-центар за циркуларна економија (при СКСМ) и 2) Научноистражувачки центар за циркуларна и за зелена економија (при УГД Штип).

Проектот има цел градење платформа за долгорочна соработка меѓу науката и бизнисот и развивање и примена на нови научно засновани концепти и решенија на циркуларна и на зелена економија во рамките на индустријата.



# Производители на градежни материјали на Саемот МЕГРА 2024 во Горна Радгона, преку проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“




Стопанската комора на Северна Македонија, преку проектот што го спроведува во партнерство со УСАИД за поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција (ПСРИСА), продолжува со активностите наменети за поддршка на извозно ориентираните компании во нивните напори за освојување нови пазари и за вмрежување со потенцијални партнери од ЕУ и пошироко.

Четири домашни компании кои се производители на градежни материјали, со поддршка на Комората и на ПСРИСА, имаа можност да го посетат 33. Меѓународен саем за градежништво и градежни материјали „МЕГРА 2024 година“, кој се одржува од 17 до 19 мај во Горна Радгона, Словенија. Компаниите „Адинг“ Скопје, „Баутек“ Скопје, „БИМ“ Свети Николе и „Усјепор“ Скопје имаа можност да остварат директни контакти со градежни изведувачи од Словенија, Австрија и од Унгарија, кои традиционално се присутни на Саемот МЕГРА. Покрај изложниот дел, на кој со штандови се претставија повеќе од 175 компании, во рамките на Саемот беа одржани и едукативни работилници за дигитализација на секторот градежништво, стандарди во производството и изведба, 3D-печатење и нови трендови во индустријата, сегменти кои се од особено значење за градење конкурентност и извозен потенцијал на обединетиот пазар на ЕУ.




Оваа година на Саемот „МЕГРА 2024“ Горна Радгона, на површина од 9.900 m2, има повеќе од 175 изложувачи од 11 земји од ЕУ и од целиот свет, што претставува одлична можност за една извозна компанија да оствари контакти и да ги претстави своите производи пред потенцијалните купувачи од странство. Во соработка со Стопанската и индустриска комора на Словенија, на македонските извозни компании им беа обезбедени информации за потенцијалните партнери од Словенија, со кои за време на Саемот беа остварени средби.

Потребата од поддршка на македонските компании во доменот на извозната промоција не само што е препознаена од Комората туку веќе и со конкретни чекори се реализира преку поддршка на домашните компании за учество на меѓународни саеми кои се од интерес за различни сектори, а кои се реализираат во консултација со компаниите, со цел навремено идентификување на можностите за учество на саемски манифестации кои креираат извозен потенцијал.

Градењето на извозните капацитети, поттикнувањето на конкурентноста, регионализацијата и интернационализацијата на македонските извозни компании се основните цели кои планира да ги реализира тимот на проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, преку учество на меѓународни саеми, Б2Б-средби, организирање купувачки мисии и преку други форми на промоција кои ќе придонесат за поголемо присуство на традиционалните пазари, но и за проширување на нови пазари.

УСАИД ја поддржува Стопанската комора на Северна Македонија за подобра интеграција на бизнисите во регионалните и во глобалните вредносни синџири и засилување на нивниот капацитет за да бидат конкурентни во Западен Балкан и пошироко во ЕУ преку проектот „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“. Идејата е да се создадат алатки за јавно-приватен дијалог, промоција на придобивките од регионалната економска интеграција на деловната заедница, истражување и унапредување на можностите за извоз и обезбедување одржливи услуги за извозните компании.

БИЗНИС ИНФО 11

# ОТВОРЕН ДЕН НА АСУЦ „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ“ СКОПЈЕ – МОЖНОСТ ЗА ПРОМОЦИЈА НА СОРАБОТКАТА СО РЕАЛНИОТ СЕКТОР И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СТРУЧЕН КАДАР



Стручното образование има значајна улога во стекнувањето на вештините и компетенциите кај учениците за нивниот личен развој и за подготовка за директно вклучување на пазарот на труд. Но стручното образование ќе биде функционално и ќе ја оствари својата цел само доколку се реализира во соработка и парнерство на образовните институции и реалниот сектор каде учениците ја реализираат практичната обука на реално работно место како најдобар начин на стручна подготовка, од една страна, и каде реалниот сектор ги артикулира своите потреби за квалификации за правилно креирање на уписната политика, од друга страна.

Промоција на ваква соработка имаше можност да се види на ОТВОРЕНИОТ ДЕН во средното стручно училиште АСУЦ „Боро Петрушевски“ Скопје, по повод на нивниот патронен празник, каде на едно место, преку поставени штандови, партнерите на училиштето од реалниот сектор/компаниите, презентира со што располагаат и која е нивната дејност (најнови модели на возила, уреди за дијагностика, опрема за обележување на сообраќајници). Меѓу партнерите од реалниот сектор можеа да се забележат штандови на Раде Кончар ТЕП; Даути комерц АД; Макстил АД; Еуроимпекс ДОО, ЈСП, Скопје; Мотул; Новус и др. Свои штандови имаа и реалните компании кои се отворени во рамките на училиштето како автошколата, станицата за технички преглед и брокерското друштво каде учениците, исто така реализираат практична обука.













Стопанската комора која претставува мост помеѓу образованието и реалниот сектор на поголемиот дел од компаниите кои учествуваа на овој настан им помогна во обезбедувањето на квалитет во процесот на реализација на практичната обука преку сертифицирање на менторите во компаниите и верификација на компаниите за практична настава.

Истовремено компаниите, преку Саемот за вработување кој беше организиран во рамките на ОТВОРЕНИОТ ДЕН, имаа можност да извршат интервју со учениците од завршните години со можност за нивно идно вработување. Можностите за брзо обезбедување на кадар треба да биде мотивација за вклучување на реалниот сектор во процесите на стручното образование, додека можностите за брзо обезбедување на работен ангажман треба да бидат најголема мотивација за учениците да го одберат стручното образование.

На ОТВОРЕНИОТ ДЕН во АСУЦ „Боро Петрушевски“ можност да бидат гости имаа и учениците од деветтите одделенија од основните училишта од Скопје, кои преку низа интерактивни активности во Автошколата, со симулаторот за возење; Станицата за технички преглед; АСУЦ Брокер; училишната авто работилница и кабинетите каде што се изведува наставата се запознаа со квалификациите што се изучуваат во АСУЦ.

Во училиштниот двор беа изложени моторни возила од понудата на нашите социјални партнери. Тоа беше добра можност и за деветоделенците одблизу да се запознаат со можностите за нивниот понатамошен професионален развој.

Автосообраќајниот училишен центар “Боро Петрушевски”, е модерен, современ, единствен и уникатен центар за образование на кадри од областа на сообраќајната, машинската и автотехничката струка.

# ОД ПРАКТИКАНТ ВО КОМПАНИЈАТА ДО МЕНТОР




Виктор Анѓелов е успешна приказна како од средношколец кој редовно одел на практична обука во компанијата „Руен Интернешнл Технолоџис", Кочани, денес е еден од сертифицираните ментори за реализација на практична обука на ученици во истата компанијата „Руен Инокс Автомобиле".

И за него, реализацијата на практичната обука во компанијата „Руен Интернешнл Технолоџис", Кочани (денес „Руен Инокс Автомобиле") како средношколец, била една од најдобрите можности што го нуди стручното образование и што му помогнала во патот за градење на неговата кариера.

„Компанијата „Руен Инокс Автомобиле", е заслужна за голем дел од мојот досегашен успех. Програмата за практична обука, мојот голем интерес за секаков тип на производни машини, превозни средства, мотори со внатрешно согорување, машински обработки и останати конкретни работи кои имав можност да ги видам во компанијата, искуството стекнато преку учењето на реално работно место и познанствата стекнати таму, придонесоа за успехот, но и воедно беа и причина поради кои се запишав на машинскиот факултет во Виница, при универзитетот „Гоце Делчев", Штип, отсек производно машинство. Важно е да се напомене дека компанијата „Руен Интернешнл Технолоџис" имаше одлични ментори кои ме подучуваа, а нас ни остануваше само да го искористиме знаењето и искуството што ни го дава менторите".

Стручно образование го започнал во 2006-та година, кога се запишал во СОУ „Гошо Викентиев", Кочани, смер електротехничар за комјутерска техника и автоматика. Високото образование во 2010-та година го продолжил на машинскиот факултет во Виница, на отсекот производно машинство.

„И додека студирав, задолжителната пракса во текот на летото ја обавував во компанијата „Руен Интернешнл Технолоџис". За време на праксата соработував со многу колеги инженери, во повеќе погони и научив многу од потребното знаење за понатамошна примена" изјави Виктор Анѓелов.



Во меѓувреме, пред да дипломира компанијата ги сменила сопственици и од новиот директор на сегашната „Руен Инокс Автомобиле" добил можност да се вработи уште пред да дипломира. На почетокот на вработувањето, работел на повеќе работни позиции, како оператор на машини во производство (струг, глодалка и други), а потоа во погонот Алатница како оператор на CNC-струг и оператор на ерозимат (машина за сечење метали со помош на жица).

После дипломирањето е назначен на денешната позиција, за раководител на погонот Алатница, а покрај основните работни задачи кои ги предвидува работното место, Виктор работи и како ментор на ученици од средното, и студенти од високото образование кои доаѓаат да реализираат практична настава во компанијата.

„Проширувањето на соработката на „Руен Инокс Автомобиле" со СОУ „Ванчо Прке" од Виница, доведе до потреба компанијата да има свои сертифицирани ментори, кои работаат со учениците кои ја реализираат практичната настава. Со учеството во обуката за ментори што ја реализираше Стопанската комора и стекнувањето на сертификатот за ментор, ја исполнив мојата желба, од ученик кој реализира практична обука во компанијата, да станам ментор на новите ученици во истата компанија и да им го пренесувам моето знаење, искуство, но и љубов кон професијата".









**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 25.04.2024**

## ДАЛИ РАБОТНИКОТ МОЖЕ ДА РАБОТИ НАД ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ КАЈ ДРУГ РАБОТОДАВАЧ?

Стопанската комора на Северна Македонија, на 25.04.2024, организира еднодневна онлајн работилница која ќе одговори на следните прашања: ДАЛИ РАБОТНИКОТ МОЖЕ ДА РАБОТИ НАД ПОЛНОТО РАБОТНО ВРЕМЕ КАЈ ДРУГ РАБОТОДАВАЧ? КАКВА СОГЛАСНОСТ Е ПОТРЕБНА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО РАБОТЕЊЕ? КОИ СЕ ОБВРСКИТЕ НА ПОСТОЈНИОТ РАБОТОДАВАЧ? КАКО СЕ РЕГУЛИРАНИ ПРЕКУВРЕМЕНАТА И НОЌНАТА РАБОТА? КОИ СЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОБНА И НА СЕЗОНСКА РАБОТА?

Дополнителното работење е законска можност за работниците да остварат поголем фонд на работни часови во неделата од оној предвиден како полно работно време. Но, многу често се создаваат дилеми кај работодавачите во поглед на тоа како формално да се спроведе овој институт, кои документи да се донесат и како да се пријави работникот. Се поставуваат и прашања како од една страна да се заштитени правата на работникот, а од друга да не се наруши неговата продуктивност.

Следејќи ја нишката на одредени специфичности поврзани со работното време и обврските кои тие ги диктираат, ќе ги анализираме прекувремената и ноќната работа, како и прераспределбата на работното време.

Како една од се` поактуелните теми, ќе се посочи и можноста за спроведување пробна работа во склоп на постоечкиот договор за вработување, ќе се потенцира нејзиното времетраење, како и последиците од неуспешното завршување на пробната работа.

Крајно, во делот за сезонската работа, ќе се објаснат сите разлики во работниот однос кои се креираат во процесот на спроведување сезонска работа.

Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 29.04.2024**

## Суспензија на работник до конечна судска одлука; - Прекувремена работа; - Право на дополнителна работа;

Во организација Стопанската комора на Северна Македонија, на 29 април 2024 година ќе се организира еднодневен семинар на тема: Суспензија на работник до конечна судска одлука; Прекувремена работа; Право на дополнителна работа; Одлагање од извршување на конечна одлука до донесување на судска одлука; Празници, слободни денови и исплата на дневници за службени патувања; Остварување на правата кај работодавачот (член 181); Огласување на слободни работни места; Спогодбен престанок на работниот однос; Посебни договори согласно Законот за работни односи (член 252).

Организираност и придобивки од семинарот:

Овој еднодневен семинар е организиран по принцип на интерактивна обука, со цел учесниците низ предавања и практични примери од пракса да се стекнат со нови и да ги унапредат постојните знаења во областа на работните односи, поконкретно за Суспензија на работник до конечна судска одлука; Прекувремена работа; Право на дополнителна работа; Одлагање од извршување на конечна одлука до донесување на судска одлука; Празници, слободни денови и исплата на дневници за службени патувања; Остварување на правата кај работодавачот (член 181); Огласување на слободни работни места; Спогодбен престанок на работниот однос; Посебни договори согласно Законот за работни односи (член 252) и слични теми како и анализа на судска пракса и вежби.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за сите вработени во правните служби во јавниот и приватниот сектор, адвокатите и правни практичари кои работат во областа на трудовото законодавство, менаџери во компаниите, управители на друштва, вработени во секторите за управување со човечки ресурси, како и за сите останати кои сакаат да го усовршат и надградат своето знаење или истото да го потврдат во делот на работните спорови, низ призма на искуството на правни практичари.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
14.05.2024 -
15.05.2024

# САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука, несомнено се наметнува потребата од фокус врз дигиталната безбедност и врз навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците, за да се спречи одреден настан кој би имал негативен исход врз работењето на компанијата.

Компаниите кои се сертифицирани по ISPO/IEC 27001 стандардот за управување со безбедноста на информациите, во насока на обезбедување на континуитет во нивното работење треба да поведат внимание при ресертификација на стандардот, бидејќи истата од 1 мај 2024 година ќе мора да се спроведе според новата верзија ISO/IEC 27001:2022.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 14 и 15 мај 2024 година организира „онлајн“ семинар на тема „САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022“.

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците постепено да се запознаат со барањата на ISO/IEC 27001:2022 кои се разликуваат во однос на барањата на стандардот ISO/IEC 27001:2013, како и со најдобрите практики во рамки на ИТ безбедноста, чекорите кон превенција и заштита, како на ниво на компанија, така и на ниво на поединец.

Некои од прашањата на кои ќе се даде одговор се и како адекватно да се третираат ИТ заканите, кои превентивни и детективни мерки треба да се применат, како да се класифицираат безбедностните ризици и како да се управува со нив, кои се разликите помеѓу ISO/IEC 27001:2013 и ISO/IEC 27001:2022, што се' носи новата верзија на стандардот и како да се имплементираат барањата кои произлегуваат од стандардот.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Повик
15.05.2024

# Повик за грантови за енергетска ефикасност за МСП до 10.000 евра - EENergy повик




Во рамки на проектот Enterprise Europe Network, се спроведува отворен повик, за грантови за МСП, т.н. EENergy повик, каде малите и средни претпријатија можат да аплицираат за финансиска поддршка за имплементација на подобрувања во енергетската ефикасност.

Грантот EENergy е еднократен и ќе им се додели на поединечни МСП по подготовката и имплементацијата на конкретен акционен план чија цел е најмалку 5% подобрување на енергетската ефикасност.

Ги покануваме сите македонски компании да поднесат Формулар за апликација, достапен на веб-страницата на проектот https://eenergy.grantplatform.com. Повикот е отворен до 15 мај 2024!

Програмата ќе поддржи најмалку 1800 мали и средни претпријатија во развојот на Акциони планови за подобрување на нивната енергетска ефикасност, со грант за EENergy до 10.000 евра за најмалку 900 МСП од следниве три категории:

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

**Брокерски настан 16.05.2024**

# Покана за учество на меѓународни Б2Б состаноци од области на синиот раст, заштита на животната средина, одржлив туризам и социјална кохезија, во Шибеник, Хрватска

Хрватската стопанска комора (https://hgk.hr), заедно со коорганизаторите Стопанската комора на Северна Македонија и со поддршка на Enterprise Europe Network-EEN (https://www.een.hr/, https://een.ec.europa.eu/), EUSAIR Facility Point организира меѓународни B2B состаноци за време на вториот ден од 9-тиот форум на ЕУ Стратегија за Јадранскиот и Јонскиот регион - EUSAIR https://www.adriatic-ionian.eu/, под претседателство на Република Хрватска.

Овој брокерски настан обединува мали и средни претпријатија, истражувачки институции, универзитети, развојни организации, здруженија и други организации од десет (10) земји на EUSAIR (Италија, Сан Марино, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Северна Македонија, Грција и Албанија).

Овие B2B состаноци во рамки на форумот претставуваат единствена можност да се најдат партнери или нови контакти за деловна, технолошка и проектна соработка насочена кон поврзување на регионите, подобрување на квалитетот и заштитата на животната средина, како и областите на синиот раст, квалитет на животната средина и заштита на животната средина, одржливиот туризам и зголемената социјална кохезија.

Искористете ја можноста бесплатно да учествувате на B2B состаноците што се одржуваат на 16.05.2024 година, од 10:00 -13:00 часот, (само со физичко присуство) во Шибеник.

B2B состаноците се најефективниот начин за идентификување и наоѓање меѓународни партнери - изберете ги вашите состаноци според вашите потреби врз основа на информации за другите учесници.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



**Семинар 30.05.2024**

# КАКО ОД КОНФЛИКТ ДО СОРАБОТКА: СТРАТЕГИИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА ВО ТИМОВИ

Во современата динамична работна средина, конфликтите не само што се неизбежни, туку тие се составен дел од секојдневните активности. Она што ги издвојува успешните тимови е нивната способност да ги претворат овие конфликти во можности за раст и соработка.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 30 мај 2024 година организира обука на тема: „КАКО ОД КОНФЛИКТ ДО СОРАБОТКА: СТРАТЕГИИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА ВО ТИМОВИ“ која има за цел да ги подобри комуникациските вештини и да поттикне конструктивно решавање на конфликти во вашиот тим.

Примарна цел на обуката е учесниците да стекнат знаења и вештини за техниките неопходни за успешно да управуваат со конфликтите. Преку интерактивни вежби, студии на случај и вежби со играње улоги, учесниците ќе ги развијат и усовршат своите комуникациски вештини. Овие новооткриени способности не само што ќе им помогнат во разрешувањето на конфликтите, туку ќе придонесат и за подобрување на соработката, иновативноста и интегрираноста на тимот.

Оваа обука е наменета за сите оние кои работат во тимови и кои би сакале да ги подобрат своите комуникациски вештини за поуспешно да се вклопат или да водат тим. Обуката особено би била корисна на тим лидери, HR професионалци, проект менаџери, тимови составени од различни организациски единици (Cross-functional Teams), претприемачи, сопственици на бизниси итн.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102 години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088